*УСОГЛАСЕН ТЕКСТ НА ЗАКОН СО ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА*

# ЗАКОН ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

**„Службен Весник на Република Македонија“**

**бр. 63/07,187/13, 43/14 , 215/15 и 64/2018**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Содржина на Законот

### Член 1

Со овој закон се уредуваат целите, начелата и носителите на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој, планирањето на регионалниот развој, финансирањето и распределбата на средства за поттикнување на рамномерниот регионален развој, следењето и оценувањето на спроведувањето на планските документи и проекти и други прашања поврзани со регионалниот развој.

### Поимник

### Член 2

**Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:**

1. Рамномерен регионален развој е процес на идентификување, поттикнување, управување и искористување на развојните потенцијали на планските региони и подрачјата со специфични развојни потреби заради намалување на диспаритетите во степенот на развој во и меѓу планските региони;

2. Политика за поттикнување рамномерен регионален развој е систем на цели, инструменти и мерки насочени кон намалување на регионалните диспаритети и остварување на рамномерен и одржлив развој во Република Македонија;

3. Плански регион е функционално-територијална единица воспоставена за потребите на планирање на развојот и за реализација на политиката за поттикнување рамномерен регионален развој;

4. Планирање на регионалниот развој е процес на утврдување на реални и кохерентни цели, приоритети и мерки за поттикнување на развојот;

5. Стратегија за регионален развој на Република Македонија е долгорочен плански документ со кој се утврдуваат принципите, целите и приоритетите на регионалниот развој во Република Македонија и се дефинираат мерките, инструментите и финансиските и други средства за нивна реализација;

6. Програма за развој на планскиот регион е среднорочен плански документ во кој се утврдуваат развојните цели на планскиот регион и мерките, инструментите и финансиските и други средства за нивна реализација;

7. Акционен план е краткорочен оперативен документ во кој се утврдуваат носители, финансиски средства и временска динамика за реализација на проекти;

8. Совет за рамномерен регионален развој на Република Македонија е тело за усогласување и координирање на политиката за поттикнување рамномерен регионален развој и

9. Совет за развој на планскиот регион е тело за усогласување и спроведување на политиката за развој на планскиот регион.

## II. ЦЕЛИ И НАЧЕЛА НА ПОЛИТИКАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

### Цели

## Член 3

Цели на политиката за поттикнување рамномерен регионален развој се:

- рамномерен и одржлив развој на целата територија на Република Македонија, заснован врз моделот на полицентричен развој,

- намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и подигнување на квалитетот на животот на сите граѓани,

- зголемување на конкурентноста на планските региони преку јакнење на нивниот иновациски капацитет, оптимално користење и валоризирање на природното богатство, човечкиот капитал и економските особености на различните региони,

- зачувување и развивање на посебниот идентитет на планските региони, како и нивна афирмација и развој,

- ревитализација на селата и развој на подрачјата со специфични развојни потреби и

- поддршка на меѓуопштинската и прекуграничната соработка на единиците на локалната самоуправа во функција на поттикнување рамномерен регионален развој.

## Начела

## Член 4

Начела на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој се начело на:

- програмирање - изградба на повеќегодишен систем на програмирање и спроведување на политиката за поттикнување рамномерен регионален развој што вклучува идентификација на приоритетите и мерките на политиката, нивното финансирање, управување и контрола,

- партнерство - соработка при подготовката, имплементацијата, мониторингот и евалуацијата на планските документи за регионален развој меѓу органите на

централната власт и единиците на локалната самоуправа, економските и социјалните партнери и други релевантни претставници на граѓанското општество,

- усогласување - целите, приоритетите и мерките во планските документи за регионален развој се усогласуваат со целите, приоритетите и мерките во стратешките развојни документи на национално ниво и во програмските документи за интеграција на Република Македонија во Европската унија,

- кофинансирање - кофинансирање на мерките на политиката за поттикнување рамномерен регионален развој од Буџетот на Република Македонија, буџетите на единиците на локалната самоуправа, фондовите на Европската унија и други меѓународни извори, како и средства од домашни и странски правни и физички лица,

- транспарентност - редовно, навремено и објективно информирање на јавноста за мерките на политиката за поттикнување рамномерен регионален развој, како и овозможување слободен пристап до информации на заинтересираните страни,

- субсидијарност - подготовката, реализацијата, контролата и оценувањето на програмите и мерките за поттикнување рамномерен регионален развој ги вршат планските региони и единиците на локалната самоуправа,

освен ако не се исклучени од нивна надлежност или не се во надлежност на државните органи и

- одржливост - почитување на економските, социјалните и еколошките компоненти на развојот при креирање на политиката за поттикнување рамномерен регионален развој.

## III. ПЛАНИРАЊЕ НА РЕГИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ

### Плански региони

### Член 5

(1) За потребите на планирањето на регионалниот развој и реализацијата на мерките и инструментите за поттикнување рамномерен регионален развој се воспоставуваат плански региони.

(2) Планските региони од ставот (1) на овој член се единиците на НТЕС трето ниво утврдени со акт на Владата на Република Македонија за утврдување на номенклатура на територијални единици за статистика - НТЕС.

### Подрачја со специфични развојни потреби

### Член 6

(1) За потребите на планирањето на регионалниот развој и реализација на специфични мерки и инструменти за поттикнување рамномерен регионален развој се определуваат подрачја со специфични развојни потреби.

(2) Подрачја со специфични развојни потреби, во смисла на ставот (1) од овој член, се:

- погранични, рурални, ридско-планински и други подрачја што заостануваат во развојот,

- подрачја со природни богатства и културно наследство кои се заштитени со закон и

- други подрачја со специфични развојни потреби утврдени со закон.

(3) Подрачје со специфични развојни потреби може да се простира на подрачјето на една или повеќе единици на локалната самоуправа во рамките на еден или повеќе плански региони.

(4) Владата на Република Македонија донесува листа на подрачја со специфични развојни потреби на предлог на Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија.

(5) Листата на подрачјата со специфични развојни потреби се ревидира секоја петта година.

**Член 7**

(1) Основни критериуми за определување на подрачјата со специфични развојни потреби се степенот на економската развиеност, демографскиот индекс, географската положба, степенот на изграденост на техничката и социјалната инфраструктура и вредноста на природното богатство и културното наследство.

(2) Поблиските критериуми и индикатори за определување на подрачјата со специфични развојни потреби ги пропишува Владата на Република Македонија.

**Плански документи**

**Член 8**

(1) Планирањето на регионалниот развој се врши со плански документи.

(2) Планските документи се усогласуваат со Просторниот план на Република Македонија, стратешките развојни документи на национално ниво и програмските документи за интеграција на Република Македонија во Европската унија.

**Член 9**

(1) Плански документи за регионален развој се:

- Стратегија за регионален развој на Република Македонија и

- Програма за развој на планскиот регион.

(2) За спроведување на планските документи од ставот (1) на овој член се донесуваат акциони планови.

(3) Планските документи од ставот (1) на овој член се изготвуваат врз основа на Методологија за изработка на планските документи.

(4) Методологијата од ставот (3) на овој член ја пропишува министерот за локална самоуправа.

(5) Во подготовката на планските документи за регионален развој задолжително се консултираат засегнатите страни на национално и локално ниво.

**Стратегија за регионален развој на Република Македонија**

**Член 10**

(1) Стратегијата за регионален развој на Република Македонија (во натамошниот текст: Стратегијата) се донесува за период од десет години.

(2) Стратегијата ја донесува Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија.

(3) Стратегијата за наредниот плански период се донесува најдоцна 12 месеца пред истекот на тековниот плански период.

(4) За спроведување на Стратегијата се донесува тригодишен акционен план.

(5) Акциониот план од ставот (4) на овој член го донесува Владата на Република Македонија.

(6) Акциониот план од ставот (4) на овој член за наредниот плански период се донесува најдоцна шест месеца пред истекот на тековниот плански период.

**Член 11**

(1) Во Стратегијата се определуваат:

- концептот, приоритетите и стратешките цели на политиката за поттикнување рамномерен регионален развој,

- мерките и инструментите за поттикнување на развојот на планските региони и подрачјата со специфични развојни потреби и

- финансирањето, институциите и механизмите за имплементација на мерките на политиката за поттикнување рамномерен регионален развој.

(2) Стратегијата претставува основа за изготвување на програмите за развој на планските региони.

**Програма за развој на плански регион**

**Член 12**

(1) Програмата за развој на планскиот регион се донесува за период од пет години.

(2) Програмата за развој на планскиот регион се изработува одделно за секој плански регион, во согласност со Стратегијата и програмските документи за интеграција на Република Македонија во Европската унија.

(3) Програмата за развој на планскиот регион ја изработува Центарот за развој на планскиот регион, согласно со Методологијата за изработка на планските документи.

(4) Програмата за развој на планскиот регион ја донесува Советот за развој на планскиот регион по претходна согласност од Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија.

(5) Програмата за развој на планскиот регион за наредниот плански период се донесува најдоцна шест месеца пред истекот на тековниот плански период.

**Член 13**

(1) За  спроведување на Програмата за развој на планскиот регион се донесуваат годишни акциони планови.

(2) Годишните акциони планови за наредната година се донесуваат до крајот на третото тримесечје во тековната година.

**Член 14**

(1) Во Програмата за развој на планскиот регион се определуваат:

- цели за развој на планскиот регион,

- мерки и инструменти за поттикнување развој на планскиот регион,

- мерки и инструменти за поттикнување развој на подрачја со специфични развојни потреби, доколку се определени во регионот и

- финансиски извори, временска динамика и индикатори за спроведување на мерките за поттикнување на развојот.

(2) Во Програмата се дефинираат приоритетите за развој на регионот и приоритетите за развој на подрачјата со специфични развојни потреби, доколку такви се определени во регионот.

(3) Програмата за развој на планскиот регион е основа за подготовка на плановите на единиците на локалната самоуправа во сферата на нивниот економски, социјален, урбанистички, еколошки, културен и друг развој.

## IV. НОСИТЕЛИ НА ПОЛИТИКАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

**Член 15**

(1) Носители на политиката за поттикнување рамномерен регионален развој се:

- Владата на Република Македонија,

- Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија,

- Министерството за локална самоуправа и

- Советот за развој на планскиот регион.

(2) Во планирањето на регионалниот развој и спроведувањето на планските документи за регионален развој учествуваат и Бирото за регионален развој и центрите за развој на планските региони.

## Совет за рамномерен регионален развој на Република Македонија

## Член 16

(1) Владата на Република Македонија формира Совет за рамномерен регионален развој на Република Македонија (во натамошниот текст: Советот за рамномерен регионален развој).

(2) Членови на Советот за рамномерен регионален развој се:

- заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања,

- министрите кои раководат со министерствата за локална самоуправа, финансии, економија, транспорт и врски, труд и социјална политика, култура, животна средина и просторно планирање и земјоделство, шумарство и водостопанство,

- претседателите на советите за развој на планските региони и

- претседателот на Заедницата на единиците на локалната самоуправа.

(3) Во работата на Советот за рамномерен регионален развој можат да учествуваат и научни и стручни лица од областа на регионалниот развој.

(4) Со Советот за рамномерен регионален развој раководи заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања.

(5) Начинот на работа на Советот за рамномерен регионален развој се уредува со деловник.

(6) Стручна и административно-техничка поддршка за работата на Советот за рамномерен регионален развој обезбедува Министерството за локална самоуправа.

**Член 17**

(1) Советот за рамномерен регионален развој:

- ја усогласува политиката за поттикнување рамномерен регионален развој со секторските политики и макроекономската политика на Република Македонија,

- дава мислење по предлог-стратегијата за регионален развој,

- го утврдува предлог Акциониот план за спроведување на Стратегијата,

- дава мислење по програми финансирани од Буџетот на Република Македонија кои што се од значење за рамномерниот регионален развој

- дава претходна согласност за програмите за развој на планските региони,

- го утврдува предлогот на поблиските критериуми и индикатори од членовите 7 став (2) и 30 став (3) на овој закон,

- ја утврдува предлог-листата на подрачја со специфични развојни потреби,

- утврдува предлог-одлука за класификација на единиците на локалната самоуправа и планските региони според степенот на развиеност,

- утврдува предлог за финансирање на конкретни проекти од средствата од Буџетот на Република Македонија, наменети за развој на планските региони, подрачјата со специфични развојни потреби и на селата,

- дава мислење по годишниот извештај за спроведување на планските документи за регионален развој,

- иницира разгледување на прашања од областа на регионалниот развој за кои е неопходна координација меѓу Владата на Република Македонија, единиците на локалната самоуправа и другите засегнати страни и

- разгледува други прашања од областа на рамномерниот регионален развој.

(2) Мислењата по програмите од ставот (1) алинеја 4 на овој член се даваат најдоцна до крајот на првото тромесечје од годината за која програмата е донесена, за едногодишни програми, односно најдоцна до крајот на првото тромесечје од првата година на која се однесува на програмата, за повеќегодишни програми.

(3) Мислењата од ставот (2) на овој член Министерството за локална самоуправа ги доставува на разгледување до Владата на Република Македонија, во рок од 15 дена од денот на одржување на седницата на Советот на која е дадено мислењето.

**Министерство за локална самоуправа**

**Член 18**

(1) Министерството за локална самоуправа е надлежно за водење на политиката за поттикнување рамномерен регионален развој.

(2) Министерството за локална самоуправа, во соработка со другите министерства што преземаат мерки за поттикнување на развојот, ја дефинира и спроведува политиката за поттикнување рамномерен регионален развој, согласно со целите на економската политика на Владата на Република Македонија и со програмските документи за интеграција на Република Македонија во Европската унија.

(3) Министерството за локална самоуправа ги врши следниве работи:

- изготвува предлог Стратегија за регионален развој на Република Македонија,

- обезбедува усогласеност на Стратегијата со програмските документи за интеграција на Република Македонија во Европската унија,

- подготвува и и доставува на Владата на Република Македонија годишен извештај за спроведување на планските документи за регионален развој,

- изготвува предлог Акционен план за спроведување на Стратегијата, се грижи за негова имплементација и презема активности за следење на неговата реализација,

- изготвува аналитичко-документациона основа за изготвување на стратешките и оперативните плански документи за регионален развој,

- изготвува предлог-одлука за критериумите и индикаторите за идентификување на подрачјата со специфични развојни потреби,

- изготвува предлог-листа на подрачјата со специфични развојни потреби,

- изготвува предлог-одлука за критериуми за степенот на развиеност на единиците на локалната самоуправа и на планските региони,

- изготвува предлог-одлука за класификација на единиците на локалната самоуправа и планските региони според степенот на развиеност,

- дава стручна помош на центрите за развој на планските региони при подготовка на програмите за развој на планските региони,

- ги поддржува активностите на центрите за развој на планските региони за поттикнување на конкурентност на планскиот регион и

- ја оценува усогласеноста на програмите за развој на планските региони со Стратегијата,

- ги организира и координира активностите за следење и оценување на спроведувањето на планските документи за регионален развој и

- врши и други работи за поттикнување на рамномерниот регионален развој, утврдени со закон.

**Член 18-а**

(1) Министерството за локална самоуправа води евиденција на развојните потенцијали на општините и на планските региони, од значење за регионален развој.

(2) Начинот на водење и формата и содржината на евиденцијата од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за локална самоуправа.

**Совет за развој на планскиот регион**

**Член 19**

(1) Совет за развој на планскиот регион се формира за секој плански регион.

(2) Конститутивната седница на советот на планскиот регион ја свикува градоначалникот на единицата на локалната самоуправа со најголем број жители во планскиот регион.

(3) Членови на советот за развој на планскиот регион се градоначалниците на единиците на локалната самоуправа што влегуваат во состав на планскиот регион.

(4) Членови на советот за развој на планскиот регион во чиј состав е градот Скопје се градоначалниците на единиците на локалната самоуправа што влегуваат во состав на планскиот регион и градоначалникот на градот Скопје.

(5) Претседателот на советот за развој на планскиот регион се избира од редот на членовите на советот, со мандат од две години со право на повторен избор.

(6) На седниците на советот за развој на планскиот регион задолжително се покануваат претставници од бизнис секторот, високообразовни институции и здруженија од планскиот регион во зависност од областа која ја покриваат.

(7) Во работата на советот за развој на планскиот регион можат да учествуваат и стручни лица од областа на регионален развој.

**Член 20**

(1) Советот за развој на планскиот регион ги врши следниве работи:

- ги организира и координира активностите за следење и оценување на спроведувањето на планските документи за регионален развој,

- донесува Програма за развој на планскиот регион, по претходна согласност од Советот за рамномерен регионален развој,

- донесува годишен акционен план за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион,

- утврдува годишна листа на проекти за развој на планскиот регион,

- доставува предлози до Бирото за регионален развој за идентификување на подрачјата со специфични развојни потреби во рамките на планскиот регион, согласно со критериумите од членот 7 на овој закон,

- обезбедува координација на активностите на единиците на локалната самоуправа, здруженијата, државните агенции и институции во рамките на регионот кои дејствуваат во областа на регионалниот развој,

- иницира разгледување на прашања поврзани со регионалниот развој за кои е неопходна координација меѓу единиците на локалната самоуправа и партнери од приватниот и граѓанскиот сектор,

- ја промовира прекуграничната соработка со региони од други земји врз основа на заедничките интереси и

- врши и други работи од областа на регионалниот развој утврдени со закон.

(2) Советот за развој на планскиот регион усвојува и доставува до Министерството за локална самоуправа годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион.

**Член 21**

(1) Начинот на работа на советот за развој на планскиот регион се уредува со деловник.

(2) Советот за развој на планскиот регион одлучува со 2/3 мнозинство од вкупниот број членови на советот.

(3) Советот за развој на планскиот регион по правило одржува седници во седиштето на најголемата, по број на жители, единица на локалната самоуправа во планскиот регион.

(4) Стручните и административно-техничките работи за советот за развој на планскиот регион ги врши центарот за развој на планскиот регион.

**Биро за регионален развој**

**Член 22**

(1) Бирото за регионален развој (во натамошниот текст: Бирото) е орган во состав на Министерството за локална самоуправа, со својство на правно лице.

(2) Директорот на Бирото го именува и разрешува Владата на Република Македонија за време од четири години.

(3) Директорот се избира по пат на јавен оглас, објавен во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(4) За директор може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Македонија;

- да не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност, за времетраење на мерката,

- да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;

- да има најмалку пет години работно искуство по дипломирањето;

- да поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати за познавање на англиски јазик не постар од пет години: ТОЕФЕЛ со најмалку 74 бодови, ИЕЛТС со најмалку 6 бодови, ТОЛЕС базично познавање, ИЛЕК најмалку Б2 ниво, Кембриџ сертификат со најмалку Б1 ниво , БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

**Член 23**

Бирото ги врши следниве работи:

- врши прием, евиденција и обработка на поднесените проекти за поттикнување на рамномерниот регионален развој,

- организира, спроведува и координира теренски посети и дава мислење на потребата од реализација на проектите од членот 29 став 2 од овој закон,

- дава стручна поддршка на центрите за развој на планските региони и единиците на локалната самоуправа при реализација на проектите од членот 29 став 2 од овој закон,

- го следи користењето на доделените средства за проекти за регионален развој преку Програмата за рамномерен регионален развој и изготвува годишен извештај за реализацијата на проектите,

- воспоставува и се грижи за одржување на мониторинг информациски систем за спроведувањето на проектите од членот 29 став 2 од овој закон,

- учествува во подготовка на аналитичко-документациона основа за изготвување на стратешките и оперативните плански документи за регионален развој,

- дава стручна помош на центрите за развој на планските региони во вршење на активности поврзани со регионалниот развој и

- врши други работи од областа на регионалниот развој утврдени со закон.

## Центар за развој на планскиот регион

### Член 24

(1) За вршење на стручни работи од значење за развојот на планскиот регион се основа центар за развој на планскиот регион.

(2) Центар за развој на планскиот регион се основа за секој плански регион.

(3) Центарот за развој на планскиот регион го основаат единиците на локалната самоуправа што влегуваат во состав на планскиот регион.

(4) Со актот за основање на центарот за развој на планскиот регион се уредува неговата организација, работата и финансирањето.

(5) Центарот за развој на планскиот регион има својство на правно лице.

(6) Седиштето на центарот за развој на планскиот регион е во единицата на локалната самоуправа со најголем број жители во планскиот регион.

(7) Центарот за развој на планскиот регион има раководител, кој се избира по пат на јавен конкурс.

(8) Раководителот на центарот за развој на планскиот регион го избира советот за развој на планскиот регион за период од четири години

### Член 25

Центарот за развој на планскиот регион спроведува активности и реализира задачи поврзани со развојните приоритети на планскиот регион, и тоа:

- изготвува предлог-програма за развој на планскиот регион,

- изготвува предлог-акционен план за имплементација на Програмата за развој на планскиот регион,

- изготвува проекти за развој на планскиот регион,

- ги координира активностите поврзани со имплементацијата на Програмата за развој на планскиот регион,

- ги реализира проектите за развој на планскиот регион,

- изготвува годишен извештај за спроведувањето на Програмата за развој на планскиот регион,

- обезбедува информации до заинтересираните страни за текот на реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион и други прашања поврзани со регионалниот развој,

- обезбедува стручна и техничка помош за единиците на локалната самоуправа при подготовката на нивните програми за развој,

- обезбедува стручни услуги на здруженија и други заинтересирани страни за подготовка на проекти од областа на регионалниот развој,

- ја поттикнува меѓуопштинската соработка во рамките на планскиот регион,

- изготвува, поднесува апликации и спроведува проекти за поттикнување на развојот на планскиот регион, финансирани од фондовите на Европската унија и други меѓународни извори,

- врши промоција на развојните можности на планскиот регион,

- реализира активности за поттикнување на конкурентноста преку активна поддршка на приватниот сектор,

- врши стручни и административно-технички работи за потребите на советот за развој на планскиот регион,

- изготвува и реализира проекти и договорени задачи и услуги за министерства и други државни институции и

- врши и други активности за поттикнување на развојот на планскиот регион.

**Член 26**

(1) Активностите и задачите на центарот за развој на планскиот регион за тековната година, кои произлегуваат од развојните приоритети на планскиот регион ги одобрува советот за развој на планскиот регион по предлог на Министерството за локална самоуправа.

(2) Активностите и задачите на центарот за развој на планскиот регион за тековната година се утврдуваат со договор за соработка за тековната година, склучен меѓу Министерството за локална самоуправа и единиците на локалната самоуправа од планскиот регион, основачи на центарот.

(3) Договорот од ставот (2) на овој член содржи конкретни активности поврзани со развојните приоритети на регионот и конкретни услуги за општините во регионот во тековната година, износ и начин на исплата на средствата за реализација на утврдените активности и задачи (услуги), начин и рокови за реализација на утврдените активности и задачи (услуги) и начин на постапување во случај на делумно или целосно неисполнување на договорените обврски.

(4) Средствата за реализацијата на активностите утврдени во договорот од ставот (2) на овој член, на годишно ниво се обезбедуваат од Министерството за локална самоуправа во висина од 1.200.000 денари и од единиците на локалната самоуправа од планскиот регион, основачи на центарот според број на жители, во висина од најмалку 1.200.000 денари.

(5) Активностите од членот 25 став (1) алинеја 15 од овој закон, центарот за развој на планскиот регион ги реализира врз основа на посебен договор за соработка склучен со нарачателот, а врз основа на претходно обезбедено позитивно мислење од Министерството за локална самоуправа и претходно обезбедена согласност од Советот за развој на планскиот регион.

(6) Договорот од ставот (5) на овој член ги содржи податоците за секој проект, делегирана задача за имплементација или услуга која ќе биде обезбедена од страна на центарот за развој на планскиот регион, како и за

средствата кои треба да бидат исплатени на центарот за развој на планскиот регион за реализација на проектите и договорените задачи и услуги.

**Член 26-а**

(1) Центарот за развој на планскиот регион поднесува годишен извештај за своето работење до советот за развој на планскиот регион и советите на единиците на локалната самоуправа.

(2) Центарот за развој на планскиот регион, годишниот извештај, од ставот (1) на овој член, по усвојувањето од советот за развој на планскиот регион и советите на единиците на локалната самоуправа, го доставува до Министерството за локална самоуправа до крајот на првото тромесечје во наредната година.

## V. ФИНАНСИРАЊЕ НА РЕГИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ

### Извори за финансирање на регионалниот развој

**Член 27**

(1) Извори за финансирање на регионалниот развој се:

- Буџетот на Република Македонија,
- буџетите на единиците на локалната самоуправа,
- фондовите на Европската унија,
- други меѓународни извори,
- донации и спонзорства од физички и правни лица и
- други средства утврдени со закон.

(2) За поттикнување на рамномерниот регионален развој од Буџетот на Република Македонија годишно се издвојуваат средства во висина од најмалку 1% од БДП.

(3) За поттикнување на развојот на планскиот регион, единиците на локалната самоуправа можат да користат и средства од фондовите на Европската унија.

(4) Користењето на средства од фондовите на Европската унија се уредува со акт на Владата на Република Македонија.

(5) Средствата од ставот (1) алинеја 1 на овој член можат да се поврзуваат со средства од донации и спонзорства од физички и правни лица во функција на спроведување програма или проект за поттикнување на рамномерен регионален развој.

(6) Средствата од ставот (5) на овој член се распределуваат и доделуваат согласно со одредбите од овој закон и условите од договорот за донација, односно спонзорство.

**Инструменти за поттикнување рамномерен регионален развој**

**Член 28**

(1) Инструменти за поттикнување рамномерен регионален развој во Република Македонија се:

- капитални влогови,

- неповратни грантови,

- финансирање и кофинансирање на подготовка на анализи, студии, плански документи и акциони планови и

- финансирање на градењето на институционалните капацитети за регионален развој во Република Македонија.

(2) За поттикнување рамномерен регионален развој може да се доделува и државна помош во вид на заеми под поволни услови, гаранции за заеми, осигурување на кредити, даночни олеснувања, субвенции и други инструменти, согласно со закон.

## V. РАСПРЕДЕЛБА И ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

**Распределба на средствата за поттикнување рамномерен регионален развој**

**Член 29**

(1) Средствата од членот 27 став (2) на овој закон за поттикнување рамномерен регионален развој се распределуваат со одлука на Владата на Република Македонија.

(2) Средствата од ставот (1) на овој член се распределуваат:

- 70% за финансирање на проекти за развој на планските региони,

- 20% за финансирање на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и

- 10% за финансирање на проекти за развој на селата.

**Член 30**

(1) Средствата од членот 29 став (2) алинеја 1 на овој закон, за финансирање на проекти за развој на планските региони, се распределуваат по плански региони согласно со класификацијата на планските региони според степенот на развиеност.

(2) Основа за определување на степенот на развиеност на планските региони се индексот на економска развиеност и демографскиот индекс.

(3) Поблиски критериуми и индикатори за определување на степенот на развиеност на единиците на локалната самоуправа и на планските региони се утврдуваат со акт на Владата на Република Македонија.

(4) Класификацијата на планските региони според степенот на развиеност се утврдува со акт на Владата на Република Македонија за период од пет години.

## Член 31

Средствата од членот 29 став (2) алинеја 2 на овој закон за финансирање на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби се доделуваат на единици на локалната самоуправа во кои се определени подрачја со специфични развојни потреби.

## Член 32

Средствата од членот 29 став (2) алинеја 3 на овој закон за финансирање на проекти за развој на селата се распределуваат по региони, при што секој плански регион добива подеднаков дел.

## Член 33

Одлуката за распоределба на средствата од членот 29 став (2) од овој закон ја спроведува Бирото за регионален развој.

## Член 33-а

(Избришан)

## Постапка за прибирање и оценување на проекти

## Член 34

(1) За користење на средства за финансирање на проекти за развој на планскиот регион, советот за развој на планскиот регион утврдува годишна листа на проекти за развој на планскиот регион, согласно со приоритетите во Програмата за развој на планскиот регион.

(2) Проектите за развој на планскиот регион за кои се бара финансирање во наредната година ги изготвува центарот за развој на планскиот регион.

(3) При изготвување на проектот за развој на планскиот регион се планираат и средства за менаџирање на проектот.

(4) За менаџирање на проектите за развој на планските региони кои се одобрени за финансирање, центарот за развој на планскиот регион може да

користи средства во висина до 15% од проектната (пресметковната) вредност на одобрен проект за финансирање, но не повеќе од 1.200.000 денари во тековната година.

(5) Основни критериуми за висината на средствата за менаџирање на проектот од ставот (4) на овој член се:

а) видот и сложеност на проектот и

б) висината на проектната вредност на проектот.

(6) Поблиските критериуми за висината на средствата за менаџирање на проектот од ставот (4) на овој член, ги пропишува министерот за локална самоуправа.

**Член 34-а**

(1) Центарот за развој на планскиот регион утврдените проекти за кои се бара финансирање во наредната година и годишната листа на проекти за развој на планскиот регион, ги доставува до Бирото за регионален развој најдоцна до 15 декември во тековната година.

(2) Планските региони кои нема да достават проекти за финансирање во рокот утврден во ставот (1) на овој член го губат правото за користење на средствата распределени за финансирање на проекти за развој на планскиот регион во наредната година.

(3) Планските региони кои ќе достават проекти за чија реализација износот на побараните средства е помал од вкупниот износ на средствата распределени за планскиот регион за наредната година, го губат правото на користење на средствата за кои не доставиле проект за финансирање.

(4) Планските региони за доставените проекти за кои ќе биде донесена одлука да не се финансираат заради неисполнување на пропишаните услови, го губат правото на користење на тие средства.

(5) Средствата што нема да бидат искористени по основ на ставовите (2), (3) и (4) на овој член, Владата на Република Македонија ги прераспределува за

финансирање на проекти од другите плански региони, согласно со членот 30 став (1) од овој закон.

(6) Неискористените средства во постапката за доделување на договор за јавна набавка за реализација на проектите, ќе бидат искористени за реализација на проект кој поради недостаток на финансиски средства добил помала сума од побараната за целосна реализација.

(7) Доколку нема проект согласно со ставот (6) на овој член, средствата се прераспределуваат на следните проекти од годишната листа на проекти за развој на планскиот регион кои се позитивно оценети.

**Член 35**

(1) За доделување на средствата од членот 29 став (2) алинеја 2 на овој закон за финансирање на проекти за развој на подрачјата за специфични развојни потреби, Бирото за регионален развој објавува јавен повик за прибирање на проекти.

(2) Во повикот се наведува вкупниот износ на средства за финансирање на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби.

(3) Право да поднесуваат предлог проекти имаат единиците на локалната самоуправа на чија територија се определени подрачја со специфични развојни потреби.

**Член 36**

(1) За доделување на средствата од членот 29 став (2) алинеја 3 на овој закон, за финансирање на проекти за развој на селата, Бирото за регионален развој објавува јавен повик за прибирање на проекти.

(2) Во повикот се наведува вкупниот износ на средствата за финансирање на проекти за развој на селата, одделно за секој регион.

(3) Право да поднесуваат проекти имаат единиците на локалната самоуправа што припаѓаат на планскиот регион.

(4) Единиците на локалната самоуправа со седиште во град кои пријавуваат проекти за развој на селата во нивен состав се должни да обезбедат кофинансирање на проектот во износ од 50% од вредноста на проектот.

(5) Кофинансирањето на проектите може да се обезбеди од сопствени извори на приходи и од други домашни и меѓународни извори на средства.

(6) Единиците на локалната самоуправа со седиште во село немаат обврска за кофинансирање на проектите.

**Член 37**

(1) Проектите за развој на планските региони на подрачјата со специфични развојни потреби и селата, кои за финансирање се доставуваат до Бирото за регионален развој, задолжително треба да ги содржат следниве елементи:

- име на проектот,

- носител на проектот,

- цели на проектот,

- очекувани резултати од проектот,

- финансиска конструкција на проектот,

- времетраење и динамика на реализација на проектот и

- други елементи во зависност од специфичноста на проектот.

(2) Во проектите за развој на планските региони и подрачја со специфични развојни потреби задолжително се назначува поврзаноста на проектот со приоритетите од Програмата за развој на планскиот регион.

## Член 38

(1) За оценување на поднесените проекти за развој на планските региони, проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби и проекти за развој на селата се формира Комисија за оцена на проекти.

(2) Комисијата ја формира министерот за локална самоуправа  и е составена од претседател и шест члена.

(3) Претседателот на Комисијата се именува од редот на раководните државни службеници во Министерството за локална самоуправа.

(4) Еден член на Комисијата се именува од редот на раководните државни службеници во Министерството за финансии.

(5) Двајца члена на Комисијата се именуваат од редот на државните службеници во Бирото за регионален развој.

(6) Тројца члена се именуваат од редот на стручни лица од областа на регионалниот развој.

(7) Комисијата за оцена на проекти ги разгледува и оценува поднесените проекти од ставот (1) на овој член и ја утврдува висината на планираните средства за менаџирање на проектите за развој на планските региони.

## Член 39

(1) Проектите за развој на планските региони, проектите за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и проектите за развој на селата треба да произлегуваат од дефинираните приоритети во Програмата за развој на планскиот регион.

(2) Проектите од ставот (1) на овој член кои не го исполнуваат овој услов нема да бидат разгледувани.

(3) Постапката и методологијата за оценувањето на проекти се утврдуваат со правилник што го донесува министерот за локална самоуправа.

**Доделување на средствата за поттикнување рамномерен регонален развој**

**Член 40**

(1) По извршеното оценување на проектите, Комисијата подготвува предлог-листи за финансирање на:

- проекти за развој на планските региони,

- проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и

- проекти за развој на селата.

(2) Предлог-листите од ставот (1) алинеи 1 и 3 на овој член се подготвуваат одделно за секој регион.

(3) Предлог-листите се доставуваат до Советот за рамномерен регионален развој.

Член 41

(1) Советот за рамномерен регионален развој, врз основа на предлог-листите утврдува предлог за финансирање на конкретни проекти за развој на планските региони, подрачјата со специфични развојни потреби и на селата.

(2) При утврдувањето на предлогот за финансирање на проектите за развој на планските региони и развој на селата, Советот за рамномерен регионален развој води сметка за рамномерна застапеност при доделување на средства на сите општини што припаѓаат во планскиот регион.

**Член 42**

Владата на Република Македонија врз основа на предлогот од членот 41 став (1) на овој закон донесува одлука за доделување средства за финансирање на проекти за развој на планските региони, подрачјата со специфични развојни потреби и на селата.

**Член 43**

(1) Врз основа на Одлуката за доделување на средства, Бирото за регионален развој склучува договори за реализација на проектите.

(2) Договорите за реализација на проектите за развој на планскиот регион се склучуваат со центрите за развој на планските региони кои ги реализираат проектите во соработка со општините на кои се однесуваат.

(3) Договорите за имплементација на проектите за развој на подрачјата на специфични развојни потреби и развој на селата се склучуваат со општините што се носители на проекти.

(4) Во договорот од ставот (1) на овој член се определува начинот и користењето на доделените средства и висината на средствата за менаџирање на проектите од членот 34 став (4) од овој закон.

## VII. СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ПЛАНСКИТЕ ДОКУМЕНТИ И ПРОЕКТИТЕ ЗА РАГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

**Следење на спроведувањето на планските документи за регионален развој**

**Член 44**

(1) Следење на реализацијата на Стратегијата за регионален развој врши Владата на Република Македонија преку годишен извештај за спроведување на акциониот план на Стратегијата.

(2) Извештајот од ставот (1) на овој член го подготвува Министерството за локална самоуправа и го доставува до Владата, по претходно мислење од Советот за рамномерен регионален развој.

**Член 45**

(1) Следење на спроведувањето на Програмата за развој на планскиот регион вршат Советот за рамномерен регионален развој, советот за развој на

планскиот регион и советите на општините кои припаѓаат на планскиот регион, преку годишен извештај за реализација на Програмата.

2) Извештајот од ставот (1) на овој член го подготвува центарот за развој на планскиот регион и го доставува до советот за развој на планскиот регион.

(3) Извештајот од ставот (1) на овој член советот за развој на планскиот регион го доставува до Советот за рамномерен регионален развој и советите на општините кои припаѓаат на планскиот регион.

**Следење на користењето на средствата за поттикнување рамномерен регионален развој**

**Член 46**

(1) Следење на користењето на средствата за поттикнување рамномерен регионален развој од членот 29 став (2) од овој закон, врши Бирото за регионален развој преку извештаи за реализација на проектите за кои се доделени финансиски средства.

(2) За проектите за развој на планските региони, извештаи за реализација подготвува центарот за развој на планскиот регион и го доставува до Бирото за регионален развој согласно со временската динамика утврдена во договорот за реализација на проектот.

(3) За проектите за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и развој на селата, извештаи за реализација подготвуваат носителите на проектите и ги доставуваат до Бирото за регионален развој согласно со временската динамика утврдена во договорот за реализација на проектот.

(4) Министерствата надлежни за реализација на програми и проекти од значење за рамномерниот регионален развој до Министерството за локална самоуправа доставуваат податоци за реализација на програмите и проектите кои ќе се користат за потребите на планирањето на регионалниот развој и реализација на мерките и инструментите за поттикнување на рамномерен регионален развој.

(5) Податоците од ставот (4) на овој член се доставуваат на пропишан образец до крајот на првото тромесечје во тековната година за програми и проекти реализирани до крајот на претходната година и за реализирани активности од повеќегодишни програми и проекти.

(6) Начинот на прибирање, формата и содржината на образецот во кој ќе се доставуваат податоците и видот на податоците од ставот (4) на овој член ги пропишува министерот за локална самоуправа.

**Оценување на планските документи за регионален развој**

**Член 47**

Стратегијата за регионален развој и Програмата за развој на планскиот регион се оценуваат преку прелиминарно, тековно и завршно оценување.

**Член 48**

(1) Прелиминарното оценување на Стратегијата за регионален развој и програмите за развој на планскиот регион се врши пред почетокот на спроведување на планските документи.

(2) Со прелиминарното оценување се прави оцена на кохерентноста и усогласеноста на целите, приоритетите и мерките меѓу Стратегијата за регионален развој и програмите за развој на планските региони, како и нивната усогласеност со целите, мерките и приоритетите во стратешките развојни документи на национално ниво и програмските документи за интеграција на Република Македонија во Европската унија.

**Член 49**

(1) Тековното оценување на Стратегијата за регионален развој и програмите за развој на планските региони се врши на средина од периодот на спроведување на планските документи.

(2) Со тековното оценување се прави оцена на реализацијата и ефектите од спроведените мерки за поттикнување регионален развој, идентификувани во Стратегијата и програмите за развој на планските региони.

## Член 50

(1) Завршното оценување се врши по завршувањето на периодот на спроведување на планските документи.

(2) Со завршното оценување се прави оцена на степенот на реализација на планскиот документ, исполнувањето на приоритетите и целите од планските документи и за постигнатите ефекти за поттикнување рамномерен регионален развој.

## Член 51

(1) За спроведеното прелиминарно, тековно и завршно оценување се подготвуваат извештаи кои се основа за измена и дополнување на планските документи.

(2) Постапката за избор на оценувачи и методологијата за оценување се регулираат со Правилник кој го донесува министерот за локална самоуправа.

## Оценување на реализацијата на проектите

## Член 52

Оценувањето на реализацијата на проектите за развој на планските региони, подрачјата со специфични развојни потреби и на селата што се финансираат од средства од Буџетот на Република Македонија за поттикнување рамномерен регионален развој, се врши преку прелиминарно, тековно и завршно оценување.

## Член 53

(1) Прелиминарното оценување се врши на проектите поднесени за финансирање од средствата од Буџетот на Република Македонија за поттикнување рамномерен регионален развој.

(2) Со прелиминарното оценување на проектите се прави оцена за исполнетоста на пропишаните услови за финансирање од средствата од

Буџетот на Република Македонија за поттикнување рамномерен регионален развој.

(3) Прелиминарното оценување на проектите го врши Комисијата за оценување проекти согласно со членот 39 од овој закон.

**Член 54**

(1) Тековното оценување на проектите се врши во текот на реализација на проектите.

(2) Со тековното оценување на проектите се прави оцена на целисходноста на користењето на средствата, почитувањето на временската динамика за реализација на предвидените активности и ефектите од нивната реализација.

**Член 55**

(1) Завршното оценување на проектите се врши по завршувањето на проектите.

(2) Со завршното оценување се прави оцена на општата успешност за реализирање на проектот, целисходноста на користење на средствата, исполнувањето на поставените цели и реализацијата на очекуваните резултати.

**Член 56**

(1) За спроведеното прелиминарно, тековно и завршно оценување се подготвуваат извештаи кои се основа за изменување и дополнување на планските документи.

(2) Изборот на оценувачи, постапката и методологијата за тековното и завршното оценување на проекти се регулираат со правилник кој го донесува министерот за локална самоуправа.

## VIII. НАДЗОР

**Член 57**

Надзор над примената на одредбите на овој закон врши Министерството за локална самоуправа.

Член 58

Финансиска контрола над материјално-финансиското работење на Бирото и центрите за развој на планските региони вршат Министерството за финансии и Државниот завод за ревизија.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 59**

Советите за развој на планските региони ќе се конституираат во рок од 45 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 60**

Советот за рамномерен регионален развој ќе се конституира во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 61

Центрите за развој на планските региони ќе се основаат во рок од девет месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 62**

(1) Тековното работење на центарот за развој на планскиот регион во првите пет години се финансира од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на единиците на локалната самоуправа кои влегуваат во состав на планскиот регион во однос 50:50.

(2) Градоначалниците - членови на советот за развој на планскиот регион и министерот за локална самоуправа склучуваат договор за кофинансирање на центарот за развој на планскиот регион.

(3) За реализација на договорот од ставот (2) на овој член и трансферот на средства од Буџетот на Република Македонија, градоначалниците - членови на советот за развој на планскиот регион се должни претходно да обезбедат 50% од средствата потребни за функционирање на центарот од Буџетите на единиците на локалната самоуправа во состав на планскиот регион.

**Член 63**

Планските документи за регионален развој, утврдени со овој закон, ќе се донесат во рок од девет месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 64**

Методологијата од членот 9 став (3) на овој закон ќе ја донесе Министерот за локална самоуправа во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 65**

Актите од членовите 6 став (4), 7 став (2) и 30 ставови (3) и (4) на овој закон Владата на Република Македонија ќе ги донесе во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 66**

Правилниците од членовите 39 став (3), 51 став (2) и 56 став (2) на овој закон, министерот за локална самоуправа ќе ги донесе во рок од девет месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 67**

Информацискиот систем за регионален развој од членот 23 став (1) алинеја 10 на овој закон ќе се воспостави во рок од 12 месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 68**

(1) Доделувањето на средствата за финансирање на проекти за развој на планскиот регион во 2008 година ќе се врши врз основа на доставени проекти од страна на општините во планскиот регион.

(2) Проектите од ставот (1) на овој член општините ги доставуваат по претходно мислење од советот за развој на планскиот регион за значењето на проектите за развој на регионот.

(3) Одлуката за финансирање на проекти во 2008 година се носи врз основа на приоритетите утврдени во Стратегијата за регионален развој.

(4) Договорите за реализација на проектите за развој на планските региони во 2008 година се склучуваат со општините кои ги доставиле проектите.

**Член 69**

Од денот на почнувањето на примената на овој закон Бирото за стопански недоволно развиените подрачја продолжува да работи како Биро за регионален развој.

**Член 70**

Со денот на отпочнувањето со примената на овој закон престанува да важи Законот за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја (“Службен весник на Република Македонија” број 2/94 и 39/99).

**Член 71**

(1) Лицата кои имаат стекнато право на плаќање придонеси за пензиско-инвалидско и здравствено осигурување согласно со Законот за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја (“Службен весник на Република Македонија” број 2/94 и 39/99), до влегувањето во сила на овој закон, продолжуваат да го користат до остварувањето на правото на пензија согласно со закон.

(2) Средствата за остварување на правото од ставот (1) на овој член се обезбедуваат од средствата од членот 29 став (2) алинеја 1 на овој закон.

**Член 72**

Исплатата на средствата за одобрени регреси на дел од камати по користени кредити согласно со Законот за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја ("Службен весник на Република Македонија" број 2/94 и 39/99), до влегувањето во сила на овој закон, продолжува до завршувањето на отплатата на кредитите.

**Член 73**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2008 година, освен одредбите на главите III и IV од овој закон.